Службен весник на Република Македонија бр.72 од 10 ноември 2003 година

# ЗАКОН
## за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија)

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Договорот за заем за реализација на Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија) што ќе се склучи помеѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. во износ од 40.470.600 ЕВРА.

Член 2

Сите финансиски обврски од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот, ќе ги намирува Електростопанство на Македонија А.Д. од приходите кои ги остварува, во рокови и услови, утврдени во Договорот за заем.

Член 3

Заемот од член 1 на овој закон ќе се отплаќа на следниот начин:

Рокот на отплата е 15 години со вклучен грејс период од 4 години и варијабилна каматна стапка - шестмесечен ЕУРИБОР плус 1 процент.

Заемот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои доспеваат за плаќање на 30-ти мај и 30-ти ноември секоја година, почнувајќи од 30-ти мај 2007 година, а завршувајќи на 30-ти ноември 2018 година.

По ефективноста на заемот, Електростопанство на Република Македонија А.Д. ќе плати еднократна провизија од 1% за управување со заемот и 10.000 ЕВРА трошоци за правни услуги, додека на неповлечениот дел од средствата ќе се плаќа провизија од 0,5% годишно.

Член 4

Доколку пристигнатите обврски врз основа на камата и главнина, во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на Електростопанство на Македонија А.Д. ги плати Република Македонија, Електростопанство на Македонија А.Д. е должно во рок од 30 дена, од денот на извршувањето на обврската да пренесе, во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на Електростопанство на Македонија А.Д. по основа на враќање на ДДВ со цел да се намират пристигнатите обврски кон

кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција

Член 5

Електростопанство на Македонија А.Д. ќе го реализира проектот во целост на територијата на Република Македонија и на територијата на Република Бугарија.

Регулирањето на меѓусебните права и обврски во врска со реализација и наплата на делот од проектот кој ќе се изведува на територија на Република Бугарија, Електростопанство на Македонија А.Д. и Националната електрическа компанија на Бугарија ќе го уредат со склучување на Договор за координација на градба, Договор за испорака на електрична енергија и Координативен операционен протокол.

Член 6

Електростопанство на Македонија А.Д. од сопствени приходи ќе обезбеди финансиски средства во износ од 5 милиони евра како учество на Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на делот од Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија) на македонска територија.

Член 7

Министерството за финансии и Електростопанство на Македонија АД ќе склучат договор за регулирање на меѓусебните права и обврски по основ на издадената гаранција кон Европска Банка за обнова и развој.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".